

**Зачувај ме!**

Ставете го овој брз водич на фрижидерот или некаде каде што ќе ви биде при рака.

## Дали имате канта за органски отпад од храна и од градината?

Ако немате канта за органски отпад од храна и од градината, може да се пријавите за да добиете таква канта.

Во таа канта ќе можете да го ставате сиот отпад од храна и од градината, вклучувајќи искосена трева, исечени гранки и отпад од кастрење, а ќе се празни на секои две недели .

Цената за оваа услуга изнесува 87.63 долари годишно.

Дознајте повеќе на **www.whittlesea.vic.gov.au/foodwaste**

* Оваа услуга можеби не може да се добие во некои селски подрачја.





## Вашата нова канта за стакло

За да помогне да се подобри квалитетот на нашето рециклирање и да се осигури дека колку што е можно повеќе рециклиран отпад ќе биде претворен во нови производи, општина Витлси воведува нова услуга за собирање стакло за рециклирање од домаќинствата.

**Сите домаќинства ќе добијат нова канта од 120 литри со виолетов капак што ќе се користи за стакло.**

Тоа значи дека стаклените шишиња и тегли ќе се собираат одделно од вашиот друг отпад за рециклирање.

Овој водич ви дава кус преглед на тоа што се фрла во секоја од кантите. Повеќе информации може да најдете на нашето место на интернет.

## Кога се празнат вашите канти

> Вашата канта со виолетов капак за рециклирање стакло ќе се празни на секои четири недели.

> Вашата канта со жолт капак за мешано рециклирање и натаму ќе се празни на секои две недели.

> Вашата канта со црвен капак за ѓубре и натаму ќе се празни еднаш неделно.

> Вашата канта со зелен капак за органски отпад од храна и од градината и натаму ќе се празни на секои две недели (ако сте избрале да ја користите оваа услуга).

Посетете го **www.whittlesea.vic.gov.au** и проверете во My Neighbourhood кои денови се празнат вашите канти.

Погрижете се капаците на сите ваши канти да може да се затвораат за да спречите паѓање на отпадот од нив.




## Малите чинови што ги правите имаат големо влијание

Можеби ви изгледа дека не е голема работа ако соодветно го сортирате својот отпад, ама кога сите го правиме тоа на исправен начин се постигнува големо влијание.

Доброто рециклирање и намалувањето на ѓубрето пред сè помага на ѓубриштето да не завршат вредни материјали и да може одново да се користат. Со исправно сортирање на вашиот отпад за рециклирање, тој отпад може да се претвори во работи како што се нови стаклени тегли, деланки за покривање на почвата (мулч) и компост.

**Дознајте повеќе на sustainability.vic.gov.au**

Sustainability Victoria
VICTORIA State Government

## Повеќе информации

Ако имате какви и да било прашања, посетете го нашето место на интернет,
**www.whittlesea.vic.gov.au/glassrecycling**

**Или стапете во контакт со нас:**

**resource.recovery@whittlesea.vic.gov.au**

**9217 2170**

**Free telephone interpreter service**
131 450

# Начинот на кој рециклираме се менува на подобро

## Мал чин може да има големо влијание




City of Whittlesea

Sustainability Victoria

# Што се става во секоја од кантите

## Рециклирање стакло

**Празните шишиња и тегли малку исплакнете ги и ставете ги во кантата секоја посебно, а не во кеси. Мора да ги извадите капаците од теглите и од шишињата и да ги ставите во кантата за ѓубре. Не мора да ги отстранувате налепниците.**

### ✔ Да

- ✔ Стаклени шишиња, вклучувајќи шишиња од пиво, вино и маслиново масло
- ✔ Стаклени тегли, вклучувајќи тегли од сосови за тестенини и од зачини
- ✔ Стаклени шишенца и теглички од лекови или од козметички производи






### ⊘ Не

Најлонски ќеси или опаковки, капаци од тегли и од шишиња, плутени затки, пумпи, спрејови, капалки, картон, садови како што се чинии, длабоки чинии или чаши, чаши за пиење, стаклени садови за готвење, вази, електрични светилки.

## Органски отпад од храна и од градината

**Само отпадоци од храна и од кастрење во градината. Отстранете ги налепниците од овошките.**

### ✔ Да

- ✔ Храна со поминат рок што веќе не е за јадење
- ✔ Талог од кафе, остатоци од чај (да не биде во кесичка)
- ✔ Млечни производи, вклучувајќи јогурт
- ✔ Отпадоци од овошје и зеленчук
- ✔ Месо, морски плодови, коски, лушпи од јајца
- ✔ Лисја, растенија, ситни гранчиња, трева, плевели






### ⊘ Не

Најлон и пластика, вклучувајќи и биоразградлива или неозначена пластика што може да се компостира, капсули од кафе за автомати, кесички од чај, песок за мачки, животински измет, големи гранки, пенушки од дрвја, течности, бебешки пелени, влажни шамичиња.

## Мешано рециклирање

**Ставете го отпадот за рециклирање во кантата поединечно, а не во кеси. Сплескајте ги кутиите за да заштедите простор. Во оваа канта веќе не се фрла стакло.**

### ✔ Да

- ✔ Прифатливи пластични шишиња и садови
- ✔ Алуминиумски и челични конзерви и фолија
- ✔ Картон, кутии од житарки, картонски кутии од јајца
- ✔ Хартија, весници, списанија, хартиени пликоа






### ⊘ Не

Најлонски кеси, друга мека пластика, облека, чевли, текстил, обложен или мазен картон, електронски отпад и батерии, стакло, садови, полистирен (стиропор)

## Отпад/ѓубре

**Користете ја оваа канта само за работи што не може да ги ставите во ниедна од другите канти.**

### ✔ Да

- ✔ Скршени стаклени кујнски садови, порцелански садови и огледала
- ✔ Бебешки пелени, влажни шамичиња, песок за мачки, животински измет
- ✔ Стари алишта, чевли или текстил што не може да се поправат или да се подарат
- ✔ Капачиња од тегли и од шишиња, пумпи, спрејови, капалки
- ✔ Обложен и мазен картон, како што се картонските кутии од млеко и од сок







### ⊘ Не

Електронски отпад и батерии, хемикалии за домаќинството, предмети што може да се рециклираат, земја, градежни материјали

**www.whittlesea.vic.gov.au/waste**

**Не сте сигурни во која канта треба да фрлите нешто? Скенирајте го кодот QR за да дознаете повеќе.**